# СЛУЖБЕН ВЕСНИК
## НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

"Службен весник на Република Македонија" излегува по потреба. Рок за рекламации 15 дена.

Четврток, 12 октомври 2000
Скопје
Број 82 Год. LVI

Претплатата за 2000 година изнесува 7.800 денари. Овој број чини 50 денари. Жиро сметка 40100-603-12498


**2799.**

Врз основа на член 84 став 1 алинеја 2 од Уставот на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 52/91), Претседателот на Република Македонија, донесе

### УКАЗ
### ЗА ОТПОВИКУВАЊЕ ОД ДОЛЖНОСТА ВОНРЕДЕН И ОПОЛНОМОШТЕН АМБАСАДОР НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО РУСКАТА ФЕДЕРАЦИЈА

Се отповикува

I

Г-дин Гане Тодоровски, од должноста вонреден и ополномоштен амбасадор на Република Македонија во Руската Федерација.

II

Министерот за надворешни работи ќе го изврши овој указ.

III

Овој указ влегува во сила веднаш.

Указ број 72 /12-483
3 октомври 2000 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Борис Трајковски,** с.р.

---

**2800.**

Врз основа на член 84 став 1 алинеја 2 од Уставот на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 52/91), Претседателот на Република Македонија, донесе

### УКАЗ
### ЗА ПОСТАВУВАЊЕ ВОНРЕДЕН И ОПОЛНОМОШТЕН АМБАСАДОР НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО РУСКАТА ФЕДЕРАЦИЈА

Се поставува

I

Г-дин Димитар Димитров, редовен професор на Универзитетот "Свети Кирил и Методиј" во Скопје, за вонреден и ополномоштен амбасадор на Република Македонија во Руската Федерација.

II

Министерот за надворешни работи ќе го изврши овој указ.

III

Овој указ влегува во сила веднаш.

Указ број 73 /12-484
3 октомври 2000 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Борис Трајковски,** с.р.

**2801.**

Врз основа на член 84 став 1 алинеја 2 од Уставот на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 52/91), Претседателот на Република Македонија, донесе

### УКАЗ
### ЗА ОТПОВИКУВАЊЕ ОД ДОЛЖНОСТА ВОНРЕДЕН И ОПОЛНОМОШТЕН АМБАСАДОР НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО ФРАНЦУСКАТА РЕПУБЛИКА

Се отповикува

I

Г-дин Луан Старова, од должноста вонреден и ополномоштен амбасадор на Република Македонија во Француската Република.

II

Министерот за надворешни работи ќе го изврши овој указ.

III

Овој указ влегува во сила веднаш.

Указ број 74 /12-485
3 октомври 2000 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Борис Трајковски,** с.р.

---

**2802.**

Врз основа на член 84 став 1 алинеја 2 од Уставот на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 52/91), Претседателот на Република Македонија, донесе

### УКАЗ
### ЗА ПОСТАВУВАЊЕ ВОНРЕДЕН И ОПОЛНОМОШТЕН АМБАСАДОР НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО ФРАНЦУСКАТА РЕПУБЛИКА

Се поставува

I

Г-дин Јордан Плевнеш, писател, за вонреден и ополномоштен амбасадор на Република Македонија во Француската Република.

II

Министерот за надворешни работи ќе го изврши овој указ.

III

Овој указ влегува во сила веднаш.

Указ број 75 /12-486
3 октомври 2000 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Борис Трајковски,** с.р.

**2803.**

Државната изборна комисија, врз основа на член 8 став 2 од Законот за локалните избори ("Службен весник на Република Македонија" број 46/96, 48/96 и 56/96), на седницата одржана на 10 октомври 2000 година, донесе

## ОДЛУКА

Во Одлуката за именување претседатели, членови и заменици на општинските изборни комисии и на Изборната комисија на Град Скопје ("Службен весник на Република Македонија" број 58/2000, 62/2000, 66/2000, 67/2000, 68/2000 и 69/2000), се вршат следниве изменувања и дополнувања:

I

1. Јован Костоски и Никола Дескоски се разрешуваат од функцијата претседател и заменик претседател на Општинската изборна комисија во Општина Охрид, по нивно барање.

2. Трајче Скрчески се именува за претседател на Општинската изборна комисија во Општина Охрид.

Владо Дејаноски се именува за заменик претседател на Општинската изборна комисија во Општина Охрид.

II

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА

Бр. 07/567/1
10 октомври 2000 година
Скопје

Претседател
на Државната изборна
комисија,
**Јосиф Луковски,** с.р.

---

**2804.**

Врз основа на член 91 од Уставот на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 52/91), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 3.10.2000 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ОТВОРАЊЕ НА АМБАСАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО ДРЖАВАТА КУВАЈТ, СО СЕДИШТЕ ВО КУВАЈТ

Член 1

Република Македонија отвора Амбасада во Државата Кувајт, со седиште во Кувајт.

Член 2

Се задолжува Министерството за надворешни работи на Република Македонија да ја спроведе оваа одлука.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 23-4436/1
3 октомври 2000 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Љубчо Георгиевски,** с.р.

---

**2805.**

Врз основа на член 91, став 1, точка 9 од Уставот на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 52/91), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 3.10.2000 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ВОСПОСТАВУВАЊЕ ДИПЛОМАТСКИ ОДНОСИ МЕЃУ РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И ХАШЕМИТСКОТО КРАЛСТВО ЈОРДАН

Член 1

Република Македонија воспоставува дипломатски односи со Хашемитското Кралство Јордан на амбасадорско ниво.

Член 2

Се задолжува Министерството за надворешни работи на Република Македонија да ја спроведе оваа одлука.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 23-4434/1
3 октомври 2000 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Љубчо Георгиевски,** с.р.

---

**2806.**

Врз основа на член 36, став 3, од Законот на Владата на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 59/2000), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 5.09.2000 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ПРЕНЕСУВАЊЕ НА ПРАВОТО НА КОРИСТЕЊЕ НА НЕДВИЖЕН ИМОТ

Член 1

Правото на користење на недвижниот имот, објект со површина од 274 $м^2$ и двор со површина од 1524 $м^2$ - вкупно 1798 $м^2$, што се наоѓа во Тетово на ул. "Иво Рибар Лола" бр. 3, катастарска парцела бр. 2764, КО Тетово, поседовен лист бр. 3840, сопственост на Република Македонија, корисник Општинска геодетска управа - Тетово, се пренесува на Министерството за образование и наука.

Член 2

Правото на користење на недвижниот имот од член 1 на оваа одлука се пренесува без надоместок.

Член 3

Се задолжува Министерството за образование и наука да изврши преуредување на објектот.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во " Службен весник на Република Македонија".

Бр. 23-3821/1
5 септември 2000 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Љубчо Георгиевски,** с.р.

---

**2807.**

Врз основа на член 12 од Законот за концесија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 42/93), член 36 од Законот за ловство ("Службен весник на Република Македонија" бр. 20/96, 26/96 и 34/97), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 3.10.2000 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ НА КОРИСТЕЊЕ - КОНЦЕСИЈА НА ДИВЕЧОТ ВО ЛОВИШТАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

1. Во Одлуката за давање на користење - концесија на дивечот во ловиштата на Република Македонија ("Службен весник на РМ" бр. 4/99), во точка 1, алинеја 2 се брише.

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 23-4414/3
3 октомври 2000 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Љубчо Георгиевски,** с.р.

**2808.**

Врз основа на член 12 од Законот за концесија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 42/93), член 36 од Законот за ловство ("Службен весник на Република Македонија" бр. 20/96 и 34/97), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 3.10.2000 година, донесе

**ОДЛУКА**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ НА КОРИСТЕЊЕ - КОНЦЕСИЈА НА ДИВЕЧОТ ВО ЛОВИШТАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

1. Во Одлуката за давање на користење - концесија на дивечот во ловиштата на Република Македонија бр. 23-1689/2 од 1 април 1999 година објавена во ("Службен весник на Република Македонија" бр. 4/99), во точка 1, алинеја 3 се брише.

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 23-4414/4
3 октомври 2000 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Љубчо Георгиевски,** с.р.

**2809.**

Врз основа на член 29 од Законот за основање Јавно претпријатие Македонска радио телевизија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 6/98), член 92 од Законот за радиодифузна дејност ("Службен весник на Република Македонија" бр. 20/97) и член 36 став 6 од Законот за Владата на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 59/2000), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 3 октомври 2000 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**ЗА ИМЕНУВАЊЕ ВРШИТЕЛ НА ДОЛЖНОСТА ДИРЕКТОР НА ЈАВНОТО РАДИОДИФУЗНО ПРЕТПРИЈАТИЕ НА ЛОКАЛНО НИВО - РАДИО РАДОВИШ**

1. За вршител на должноста директор на Јавното радиодифузно претпријатие на локално ниво Радио Радовиш, повторно се именува Станој Петров.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 17-4628/2
3 октомври 2000 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Љубчо Георгиевски,** с.р.

**2810.**

Уставниот суд на Република Македонија, врз основа на член 110 од Уставот на Република Македонија и член 70 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 70/92), на седницата одржана на 27 септември 2000 година, донесе

**ОДЛУКА**

1. Се укинува член 5 од Одлуката за преземање на вршење на комуналните дејности во општините Кичево и Другово, донесена од Владата на Република Македонија на 28 декември 1998 ("Службен весник на РМ" бр. 63/98).

2. Оваа одлука произведува правно дејство со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

3. Уставниот суд на Република Македонија, со решение У.бр. 70/2000 од 5 јули 2000 година по повод поднесена иницијатива на Мирко Мишкоски - градоначалник на општина Кичево поведе постапка за оценување уставноста на оспорениот член од одлуката означена во точка 1 од оваа одлука, затоа што тоа не било во согласност со член 52 став 1 од Уставот на Република Македонија.

4. Судот на седницата утврди дека Владата на Република Македонија врз основа на член 40 од Законот за комуналните дејности и член 46 став 3 од Законот за Владата на Република Македонија на 28 декември 1988 година ја донела оспорената одлука.

Во член 1 од Одлуката е предвидено дека со оваа одлука Владата на Република Македонија ја презема грижата за вршење на комуналните дејности - 100310 - производство и дистрибуција на вода за општините Кичево и Другово.

Во член 2 од Одлуката е предвидено дека со донесување на оваа одлука Владата на Република Македонија ќе презема активности за именување и разрешување на органите на управување и раководење на ЈП "Комуналец" - Кичево.

Во член 3 е предвидено дека вршењето на комуналните дејности од член 1 на оваа одлука Владата на Република Македонија ќе ја врши на товар на средствата на буџетот на општината.

Во член 4 е предвидено дека со оваа одлука престанува да важи Одлуката на Владата на Република Македонија од 16 ноември 1998 година објавена во "Службен весник на РМ" бр. 58/98.

Во член 5 е предвидено дека оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на РМ".

5. Според член 52 став 1 од Уставот на Република Македонија, законите и другите прописи се објавуваат пред да влезат во сила.

Имајќи ја предвид наведената уставна одредба произлегува дека законите и другите прописи не можат да влезат во сила пред да бидат објавени.

Со оглед на тоа што во член 5 од оспорената одлука е предвидено дека таа влегува во сила со денот на донесувањето на 28 декември 1998 година, а е објавена на 30 декември 1998 година, Судот утврди дека оспорениот член не е во согласност со Уставот и одлучи како во точката 1 од оваа одлука.

6. Оваа одлука Судот ја донесе со мнозинство гласови во состав од претседателот на Судот д-р Тодор Џунов и судиите д-р Никола Крлески, Олга Лазова, д-р Стојмен Михајловски, д-р Милан Недков, д-р Јован Проевски, Бесим Селими и д-р Јосиф Талевски.

У. бр. 70/2000
27 септември 2000 година
Скопје

Претседател
на Уставниот суд на Република
Македонија,
д-р **Тодор Џунов,** с.р.

## *Огласен дел*

**ЗАПИШУВАЊЕ ВО ТРГОВСКИОТ РЕГИСТАР**

Основниот суд Битола во Битола, со решението Трег. бр. 4369/99, во регистарската влошка бр. 010531, го запиша во трговскиот регистар усогласувањето на ДООЕЛ на Друштво за производство, трговија на големо и мало, увоз-извоз и услуги ПАТРИЦИЈА Зорица ДООЕЛ Битола, ул. "Партизанска" 32/2, Битола.

Дејности: 01.11, 01.12, 01.13, 50.10, 50.20, 50.30, 50.40, 50.50, 51.15, 51.16, 51.17, 51.18, 51.19, 51.11, 51.21, 51.23, 51.24, 51.25, 51.31, 51.32, 51.33, 51.34, 51.35, 51.36, 51.37, 51.39, 51.41, 51.42, 51.43, 51.44, 51.45, 51.51, 51.53, 51.54, 51.55, 51.56, 51.57, 51.66, 51.70, 52.11, 52.12, 52.21, 52.22, 52.23, 52.24, 52.25, 52.26, 52.27, 52.33, 52.41, 52.42, 52.43, 52.44, 52.45, 52.46, 52.47, 52.48, 52.50, 52.62, 52.63, 55.30, 55.40, 55.51, 55.52, 60.21, 60.22, 60.23, 60.24, 63.21, 63.30, 01.11/1, 01.11/2, 01.11/3, 01.11/4, 01.12/1, 01.13/2, 01.22/1, 01.30, 01.41/3, 15.71, 15.72, 50.30/1, 50.30/2, 50.30/3, 50.40/1, 50.40/2, 50.40/3, 50.40/4, 51.42/1, 51.42/2, 51.61, 52.44/1, 52.44/2, 52.44/3, 52.44/4, 55.30/1, 55.30/2, 74.82, 74.83, 74.84, 70.31, 70.32, 74.11, 74.13, 74.14, 74.40.

Во правниот промет со трети лица, друштвото настапува во свое име и за своја сметка. За обврските сторени во правниот промет со трети лица друштвото одговара со целокупниот свој имот.

Лице овластено за застапување во внатрешниот и надворешниот промет е Ѓорѓиева Зорица - управител со неограничени овластувања.

Од Основниот суд Битола во Битола, Трег. бр. 4369/99. (23349)

---

## МАЛИ ОГЛАСИ

**Се огласуваат за неважни следните документи:**

Индекс бр. 7264, издаден од Градежен факултет - Скопје на име Стојанов Емил, Скопје. (38666)

Пасош бр.743719/95,издаден од ГУВР-Скопје на име Лиљана Стојчевска,ул."Видое Смилевски"бр. 4, с. Стајковци, Скопје. (38678)

Пасош бр. 1053664, издаден од ГУВР - Скопје на име Шемши Ибраими, ул."М.Тито 12" бр. 19, с. Сарај, Скопје. (38686)

Пасош бр.932721/96,издаден од ГУВР-Скопје на име Алими Анифе,ул."Боро Менков" бр. 5 вл. 3, ст. 19, Скопје.

Пасош бр.0953293 на име Цинов Зоран, Нов Дојран

Пасош бр.069743 на име Руби Недески, ул. "Н.Наумоски"бр.1/6,Прилеп. (38512)

Пасош бр. 907045/96,издаден од УВР- Скопје на име Иксен Муареми, ул."Кримска" бр. 66,Скопје. (38668)

Пасош бр.589473/95,издаден од УВР - Тетово на име Зибери Гајур, с. Желино,Тетово. (38670)

Пасош бр.534554/94,издаден од УВР - Скопје на име Паунова Лена,ул."Бутелска" бр. 61,Скопје.(38693)

Пасош бр.476837/94,издаден од УВР - Скопје на име Ристовски Љупчо,ул."Д. Крапчев"бр. 22, Скопје. (38701)

Пасош бр.0358416/94,издаден од УВР-Скопје на име Исмаил Зејадини,ул."Виргино"бр.158,Скопје. (38707)

Пасош бр.1337002/2000,издаден од ОВР - Струга на име Луфи Шќипе,с. Велешта,Струга. (38728)

Пасош бр.125552/93,издаден од УВР - Скопје на име Џафери Хамза,ул."П. Тошев" бр. 22,Скопје. (38749)

Пасош бр.1013824/97,издаден од УВР-Скопје на име Сулејмани Неџати, ул."Серава"бр.67,Скопје. (38761)

Пасош бр.898072/96,издаден од УВР - Скопје на име Азбије Терзијај,ул."О.Чопела" бр. 46,Скопје. (38832)

Пасош бр.0401679,издаден од УВР- Гостивар на име Сулејмани Нагип,с. Д. Бањица,Гостивар. (38833)

Пасош бр. 957534/96,издаден од УВР-Скопје на име Џемаил Дељали,ул.Славеј Планина"бр.20,Скопје.38835

Пасош бр.0366366 на име Купа Билкиз, Дебар. (38862)

Пасош бр.0372945 на име Думани Ливдрим, с. Селокуќи,Дебар. (38864)

Пасош бр.1337002/00,издаден од ОВР-Струга на име Луфи Шќипа,с. Велешта,Струга. (38865)

Пасош бр. 1386335 на име Бејкоски Васко, с. Крклино, Битола. (38998)

## ОБЈАВА

Врз основа на членот 10 од Законот за исплата на платите во Република Македонија ("Службен весник на РМ" бр. 70/94, 62/95 и 33/97), Министерството за труд и социјална политика

## ОБЈАВУВА

1. Стварната стапка на трошоците на живот за месец септември 2000 година во однос на месец август 2000 година е повисока за 0,8%, а планираната за 1,1% повисока во однос на месец август.

2. Правото на пораст на платите за месец септември 2000 година во однос на месец август 2000 година за правните лица од членот 3 изнесува до 0,8%, а правните лица од членот 4 исплатата на платите за месец септември 2000 година ја вршат на нивото на правото утврдено за претходниот месец.

Министер,
**Бедредин Ибраими,** с.р.

---

## СОДРЖИНА


Страница

2799. Указ за отповикување од должноста вонреден и ополномоштен амбасадор на Република Македонија во Руската Федерација ... 4915
2800. Указ за поставување вонреден и ополномоштен амбасадор на Република Македонија во Руската Федерација ... 4915
2801. Указ за отповикување од должноста вонреден и ополномоштен амбасадор на Република Македонија во Француската Република ... 4915
2802. Указ за поставување вонреден и ополномоштен амбасадор на Република Македонија во Француската Република ... 4915
2803. Одлука на Државната изборна комисија.. 4916
2804. Одлука за отворање на Амбасадата на Република Македонија во Државата Кувајт, со седиште во Кувајт ... 4916
2805. Одлука за воспоставување дипломатски односи меѓу Република Македонија и Хашемитското Кралство Јордан ... 4916
2806. Одлука за пренесување на правото на користење на недвижен имот ... 4916
2807. Одлука за изменување на Одлуката за давање на користење-концесија на дивечот во ловиштата на Република Македонија ... 4916
2808. Одлука за изменување на Одлуката за давање на користење-концесија на дивечот во ловиштата на Република Македонија ... 4917
2809. Решение за именување вршител на должноста директор на Јавното радиодифузно претпријатие на локално ниво - Радио Радовиш ... 4917
2810. Одлука на Уставниот суд на Република Македонија, У.бр. 70/2000 од 27 септември 2000 година ... 4917

**Објава** за стапката на пораст на трошоците на живот и платите за месец септември 2000 година ... 4918



**Издавач:** ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ

**СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**, ц.о.– Скопје, бул. "Партизански одреди" бр. 29.

**Директор и одговорен уредник Марија Лељохин.**

**Телефони 129-036, 117-460. Телефакс 112-267. Пошт. фах 51.**

**Жиро сметка 40100-603-12498. Бр. за ДДВ МК – 4030987108771. Депозитор – Комерцијална банка, АД – Скопје.**

**Печат: НИП "Нова Македонија" – АД – Скопје.**